Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-743/4
Датум: 26-10-2023

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 743/1 од 16.10.2023 година од [redacted] Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 26.10.2023 години, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК
### за запирање на постапката

**СЕ ЗАПИРА** постапката поведена по претставка со архивски број 08 – 743/1 од 16.10.2023 година заради повлекување на претставката од [redacted].

### Образложение

На 16.10.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од страна на подносителката [redacted].

Од причина што претставката не ги содржеше задолжителните елементи предвидени со член 24, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација испрати поштенски и електронски Барање за доуредување на претставката до подносителката.

Подносителката на претставката на 26.10.2023 година, со електронско известување заведено под број 08 – 743/3, ја извести Комисијата за спречување и заштита од дискриминација дека иако претставката е поднесена од нејзино име, таа до тој момент не била запознаена со истото. Односно дека таа воопшто не е подносителка на претставката.

Врз основа на горенаведеното, согласно член 27, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја запре постапката за заштита од дискриминација.

Скопје
26.10.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Член на Комисијата
Игор Јадровски

- Доставено електронски на: [redacted]

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk